**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**„ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА“**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 26 став 4 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16) и точка 14 од Одлуката за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/11), гувернерката на Народната банка на Република Македонија донесе

**УПАТСТВО**
**за изменување на Упатството за**
**начинот за вршење на платниот промет со странство**

1. Во Упатството за начинот за вршење на платниот промет со странство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 141/16 и 41/19), точката 41 став 2 се менува и гласи:

„По исклучок на ставот 1 алинеја 1 од оваа точка, обврската за доставување документ врз основа на кој може да се утврдат основот и обврската за плаќање во странство не се однесува на резидент - правно лице, коешто ќе ѝ доставува на банката список на лица на кои ќе им ги врши плаќањата во странство, најмалку еднаш во текот на 12 месеци.“

2. Ова упатство стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето со „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**У бр. _____/__**
**______ 2019 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**